**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ВИШ УПРАВЕН СУД**
**0807 Су-04 бр.0401-290/2019**
**04.12.2019 година**
**Скопје**

Врз основа на член 36 од Законот за судска служба ("Службен весник на РМ" бр.43/2014, 33/2015, 98/2018 и 198/2018) по спроведена постапка по објавениот Јавен оглас број 1/2019, заведен под 0807 СУ-04 бр.0401-250/2019 од 10.10.2019 година, за вработување на судски службеници на неопределено време, објавен во дневните весници „Нова Македонија" и Лајм од 11.10.2019 година и Предлогот на Комисијата за избор на судски службеници за работно место за Категорија Г – помошно- стручни судски службеници, ниво Г-2 Виш судски референт за обработка на документација – дактилограф, шифра на работно место СУД 0101Г02001 – 1 (еден) извршител, Претседателот на Вишиот управен суд, Исмета Амет, на ден 04.12.2019 година, ја донесе следната:

## ОДЛУКА
**- за избор за вработување -**

За работното место за Категорија Г – помошно- стручни судски службеници, ниво Г-2 Виш судски референт за обработка на документација – дактилограф, шифра на работно место СУД 0101Г02001 – 1 (еден) извршител, се избира кандидатот:

- Александра Мачковска

Решение за вработување со избраниот кандидат ќе се донесе по правосилноста на ова одлука.

## Образложение

Вишиот управен суд, објави оглас бр.1/2019 заведен под 0807 СУ-04 бр.0401-250/2019 од 10.10.2019 година, за вработување на судски службеници на неопределено време, кој е објавен во дневните весници „Нова Македонија" и Лајм од 11.10.2019 година.

По спроведената постапка за селекција за вработување за работно место за Категорија Г – помошно- стручни судски службеници, ниво Г-2 Виш судски референт за обработка на документација – дактилограф, шифра на работно место СУД 0101Г02001 – 1 (еден) извршител, согласно со Законот за судска служба („Службен весник на РМ" бр.43/2014, 33/2015, 98/2018 и

198/2018) и Правилникот за формата и содржината на јавниот оглас, формата, содржината и начинот на поднесување на пријавата, на спроведување на административната селекција, на испитите, проверката на веродостојност на докази и интервјуто, како и начинот на нивно бодирање и максималниот број на бодови од постапката на селекција во зависност од категориите на работни места, како и други прашања во врска со постапката за вработување на судски службеници („Сл.весник на РМ“ број 236/2018), Комисијата за избор на судски службеници достави до Председателот на судот, Предлог на кандидат за вработување во Вишиот управен суд, за работно место за Категорија Г – помошно- стручни судски службеници, ниво Г-2 Виш судски референт за обработка на документација – дактилограф, шифра на работно место СУД 0101Г02001 – 1 (еден) извршител, заведен под 0807 Су-04 бр.0401-250/2019 од 29.11.2019 година, примен од страна на Претседателот на судот на ден 02.12.2019 година. Со наведениот Предлог, се предлага кандидатот Александра Мачковска, како единствен рангиран кандидат на ранг листата.

Согласно член 36 став 1 од Законот за судска служба (Службен весник на РМ бр.43/2014, 33/2015, 98/2018 и 198/2018), судскиот администратор, односно Претседателот на судот во кој не е избран судскиот администратор, во рок од 5 дена по добивањето на Предлогот од членот 35 став 1 од Законот, е должен да донесе Одлука за избор.

Имајќи ја во предвид наведена законска одредба како и Предлогот на кандидат за вработување во Вишиот управен суд, за работно место за Категорија Г – помошно- стручни судски службеници, ниво Г-2 Виш судски референт за обработка на документација – дактилограф, шифра на работно место СУД 0101Г02001 – 1 (еден) извршител, заведен во овој суд под 0807 Су-04 бр.0401-250/2019 од 29.11.2019 година, примен од страна на Претседателот на судот на ден 02.12.2019 година, се одлучи како во изреката на оваа одлука.

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа одлука кандидатот кој не е избран има право на жалба во рок од 8 (осум) дена, од денот на приемот на одлуката за избор, преку Вишиот управен суд, до Советот за судска служба.

**Претседател на Виш управен суд**
**Исмета Амет**

**Доставено до:**
- **Александра Мачковска**
- **архива**
- **на интернет страницата на Вишиот управен суд**
- **на огласната табла на Вишиот управен суд**